**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА**
**НА УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ**
Бр.13 – 4357/3 од 5.07.2010 година
Скопје

Врз основа на член 28 од Законот за угостителска дејност (Службен весник на Република Македонија бр.62/04 и 89/08),решавајќи по барањето бр.13 - 4357/1 од 18.05.2010 година на **ДУТ СИРИУС ДОО увоз-извоз Струмица**, со седиште во Струмица, на ул.Маршал Тито бр.195,**Комисијата за категоризација на угостителски објекти донесе**

## Р Е Ш Е Н И Е
**за извршена категоризација на угостителски објект**

**1.Се утврдува дека угостителскиот објект ХОТЕЛ СИРИУС со седиште во Струмица на ул.Маршал Тито бр.195,ги исполнува условите за хотел од втора категорија со четири ( 4 ) ѕвезди.**

**2.Решението за утврдување на категоријата на угостителскиот објект се издава со важност од три години.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

ДУТ СИРИУС ДОО увоз-извоз Струмица, поднесе барање бр.13- 4357/1 од 18.05.2010 година за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект ХОТЕЛ СИРИУС во Струмица, со адреса на ул.Маршал Тито бр.195, за хотел од втора категорија со четири ѕвезди.

Комисијата за категоризација на угостителски објекти, постапувајќи по барањето изврши увид на предметниот објект при што со записник бр. 13- 4357/2 од 2.07.2010 година констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од втора категорија со четири ѕвезди, пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност - Прилог 1 (Службен весник на Република Македонија бр.16/ 2006година), заради што донесе решение како во диспозитивот.

Согласно член 33 од Законот за угостителство( Службен весник на РМ бр.62/04 и 89/08), решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект се издава со важност од три години.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од добивањето до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање во управна постапка во втор степен од областа на угостителството.

**КОМИСИЈА ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА**
**НА УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ**
**Претседател**
**Илиевска Љиљана**

**Доставено до:**
подносител на барањето
архива